КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
април 2014 • бр. 39 • година 6



Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

ВЕЛИГДЕН ВО САРАЕВО

MOTOCENTAR

Сигурен избор



MICHELIN Continental BRIDGESTONE

nokian TYRES Firestone

тел: 30 95 777 • 27 74 144


info@motocentar.com.mk

www.facebook.com/Motocentar.mk

www.motocentar.com.mk









Олимпико		TIGAR	BFGoodrich	MICHELIN
175/65 R14	Стара цена	2.890	3.570	4.980
	Нова цена	2.710	3.320	4.310
	Попуст 25%	2.033	2.490	3.233
195/65 R15	Стара цена	3.690	4.610	6.330
	Нова цена	3.380	4.120	5.350
	Попуст 25%	2.535	3.090	4.013
205/55 R16	Стара цена	4.980	6.210	8.800
	Нова цена	4.310	5.410	6.950
	Попуст 25%	3.233	4.058	5.213
225/45 R17	Стара цена	7.260	9.160	13.040
	Нова цена	5.720	7.690	10.150
	Попуст 25%	4.290	5.768	7.613

Попустот важи и за другите димензии и трае до завршување на залихите.

Бул. 8 - ми Септември бр. 38 (на спроти Хубо Маркет и Тојота) тел. 02/30-64-689 и 02/30-63-351

!!! Ново ласерско 3Д центрирање на преден и заден трап

ВО ОВОЈ БРОЈ



ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ

ВЕЛИГДЕН ВО САРАЕВО 6



РЕПОРТАЖА

МАЛИОТ ВРЕДЕН ЧОВЕК ОД БЕРОВЦИ 16



ЦВЕТНИ ГРАДИНИ

ЦВЕТНО, И ЗИМЕ И ЛЕТЕ 24



НАША ПРИКАЗНА

МУЗИЧКА „СМИРНА“ ЗА ДУХОВЕН МИР 26



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

Емануел Ристевски

БАЛАНСОТ Е ТАЈНАТА НА УСПЕХОТ 30



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
Игор Богоевски
marketing@karpos.gov.mk

КИРИЛ ГЕОРГИЕВ ПО ВТОРПАТ ДОМИНИРА НА „ОПЕН КАРПОШ”



Бугаринот Кирил Георгиев е апсолутен победник на годинешниот Меѓународен шаховски турнир „Опен Карпош 2014“, кој се одржа по четврти пат во организација на Општина Карпош и на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко – СЕЕ“. Со освоени 7,5 поени, Георгиев по вторпат го подигна победничкиот пехар и како прворангиран на турнирот, доби парична награда од 5.000 евра.

- Ги имавме сите услови за да одиграме еден огромен турнир. Се надевам, Скопје ќе прерасне во еден од најдобрите шаховски центри во Европа. Сакам на сите да им заблагодарам, и на организаторите и на играчите, и им посакувам многу среќа наредната година – изјави Георгиев.

Втората награда во вредност од 2529 евра ја освои Иван Салгадо Лопез од Шпанија со освоени 7 поени, а третата награда, вредна 1879 евра, му припадна на Едуардо Бонели Итуризага од Венецуела со освоени 7 поени. Минатогодишниот победник на „Опен Карпош“, Зденко Кожул од Хрватска, со 7 поени, го освои шестото место и награда од 1279 евра.

Наградите ги додели техничкиот организатор на турнирот, Зоран Стојчевски, кој им се заблагодари на сите учесници на овој традиционален шаховски турнир. - Оваа година, повеќе од 270 натпреварувачи кои дојдоа од 38 земји во светот, го направија овој голем спортски настан забележителен во очите на светската јавност. Посебно му благодарам на градоначалникот Јакимовски за одличната соработка на Општина Карпош и на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко – СЕЕ“– посочи Стојчевски.

Во рамките на турнирот беа доделени и специјални награди за најдобри шахисти по категории. Дека „Опен Карпош“ прерасна во елитен шаховски турнир, говори наградниот фонд од 25.000 евра и присуството на 270 шахисти од 38 земји во светот. Првпат годинава, победничкиот пехар го изработи академскиот скулптор Сашо Поповски кој е вработен во Општина Карпош. Пехарот кој е излеан во бронза, претставува фигура во стилизирана форма на шаховски коњ со пехарски победнички орнаменти.

И.М.



Почитувани сограѓани,

Изминатиот април беше извонредно променлив месец, како според временските услови, наизменичната промена на дождливи и сончеви денови, така и според можностите за работа.

Април мина во знакот на претседателските и на парламентарните избори што се одржаа во нашата земја, а тие, по правило и по некоја закономерност, имаат силно влијание и врз работата на локалната самоуправа. Тоа значи дека имавме конкретни законски ограничувања во доменот и во опфатот на работата, при носењето клучни одлуки и почнувањето нови зафати со финансиски импликации врз буџетот и трошењето на јавни пари и слично. Сето тоа, привремено, беше ставено во мирување.

Сепак, Општина Карпош од претходно беше „влезена“ во некои инфраструктурни зафати, кои имавме обврска да ги завршиме и кои нашите сограѓани долго ги чекаа.

Така, за жителите од Криви Дол, ја поставивме заштитната еластично-одбојна ограда во должина од 160 метри, со што во иднина ќе се спречат многу непријатни случки со близината на реката Серава и стрмниот брег. Овој месец успеавме да ги завршиме и реконструкциите на улицата Скупи 20 во населбата Злокуќани и Новопроектирана 1 во населбата Жданец. Го проширивме и паркиралиштето зад зградите на улиците Рузвелтова и Јуриј Гагарин, а асфалтиравме и повеќе пристапни патеки и улички. Пред нас претстои цела градежна сезона, кога треба да се зафатиме со неколку веќе најавени капитални проекти, како што е замена на штетните азбестни покриви на колективните станбени згради и индивидуални објекти, како и со замена на старите и дотраени лифтови во висококатниците, и тоа во оние кули кои се повисоки од десет ката.

Општината, секако, носи одговорност и за развојот на другите сегменти од живеењето на нејзините граѓани. Така, овој месец, во кој централен настан беа велигденските празници, ние, како општествено одговорна институција, ја посветивме на семејствата кои се на социјалните маргини. За таа цел, нашите службеници од Одделението за социјална заштита, непосредно пред Велигден, доделија повеќе од 100 хуманитарни пакети со храна и со средства за хигиена за на овие материјално-загрозени семејства малку да им се развеселат празниците.

Најмладата популација беше во центарот на нашето внимание. Се одбележуваа јубилеи, патронати, спортски успеси и знаења, а најмладите најмногу му се радуваа на централниот настан на одбележување на Денот на шегата, 1 април. Тука децата и родителите ја покажаа сета креативност, а нивната Општина им обезбеди пригодна манифестација и награди за нивната креативност, заедно со партнерската фирма во организацијата, „СП-маркет“.

Секако, се обидуваме достојно да ги одржуваме и веќе востановените брендови, а еден таков е Меѓународниот шаховски турнир „Опен Карпош 2014“. Тој секоја година станува сè поквалитетен и поафирмиран. И веќе се вбројува меѓу десетте најквалитетни и најследени во Европа и во светот. Врвните шаховски мајстори, велемајстори и интернационални мајстори ја шират шаховската приказна за Карпош како добар организатор и домаќин на врвни спортски настани.

Во таков дух и во таков стил, ние, како сервис на граѓаните на Карпош и добри менаџери на нивните пари, ќе продолжиме да го шириме развојот и угледот на нашата и, пред сè, Ваша општина.

Вашиот Градоначалник Стевчо Јакимовски



Ученици од Карпош на гости кај другарчињата во Стари Град

ВЕЛИГДЕН ВО САРАЕВО

Јубилејот 80 години од Општина Стари Град - Сараево беше повод петнаесетина ученици од „Петар Поп-Арсов“ и од „Христијан Тодоровски-Карпош“ да минат незаборавни велигденски денови во градот на историјата, љубовта и на опстанокот

По повод 80-годишнината од постоењето на Општината Стари Град, Сараево, петнаесеттина ученици од Општина Карпош, од основните училишта „Петар Поп-Арсов“ и „Христијан Тодоровски-Карпош“, беа во посета на оваа збратимена општина од Босна и Херцеговина и на своите другарчиња од училиштето „Хамдија Кресављаковиќ“. Тоа беа два прекрасни поводи за славење на еден голем јубилеј и за ширење на пријателството меѓу двете општини од Македонија и од Босна и Херцеговина и меѓу децата.

Нашите ученици беа сместени во семејства на другарчињата, каде што не беа само обични гости, туку уживаа во вистински топлата семејна атмосфера. Неколкудневниот престој во нивните домови беше доволен да развијат нераскинливо другарство, кое ќе го негуваат и ќе го паметат до крајот на животот. Многу дружба, љубов, прегратки и некоја искрена солза на заминување, со желба да се видиме повторно, што поскоро.

Бидејќи посетата на Сараево се совпадна со големиот христијански празник Велигден, добрите домаќини се потрудија достојно да го одбележат овој ден за гостите од Карпош. По тој повод, тие ги однесоа другарчињата од двете училишта од Карпош и гостите од нашата Општина во најстарата црква во Сараево. Таму, во тој сакрален храм, се одржуваше симболичното бојадисување на црвените велигденски јајца. Желби за љубов, здравје, благосостојба и мир за сите, беа велигденските пораки за пријателите од Босна и Херцеговина и од Македонија.

Младите карпошани шетајќи низ еден од најубавите градови на Балканот, ги посетија величествената Баш Чаршија, големата чешма Себиљ, како и сараевската Вијечница, познатиот Шехер Чехаин мост и Инат куќата. Нивните домаќини, градоначалникот на Стари Град - Сараево, Ибрахим Хаџибајриќ, заменик градоначалничката, Амина Дељковиќ, и директорот на училиштето „Хамдија Кресављаковиќ“, господин Салко Хускиќ, им ги покажаа легендарните места и убавини на овој град, кој го претставува срцето на Балканот. Во него со векови се вкрстуваат две истории, две култури и две цивилизации, источната и западната. Тоа е градот-феникс, каде се одигрувале клучните собитија од времето на Османлиската Империја, преку Австроунгарската Монархија, сè до најновата историја, војните, страдањата и повторниот подем. Но, секогаш, сите сараевски приказни завршуваат со прошка, толеранција, повторно подем и љубов меѓу народите. Тоа најнепосредно го почувствуваа и нашите ученици, низ очите и душата на своите домаќини.

Во Сараево, учениците од „Петар Поп-Арсов“ и од „Христијан Тодоровски-Карпош“ имаа можност да се дружат и со познатата балканска музичка ѕвезда Дино Мерлин. Радост, воодушевување и многу заеднички фотографии...

Шетајќи низ познатите места во Босна и Херцеговина, децата од Карпош го посетија и националниот парк „Хутово Блато“, каде што се возеа со кајче низ прекрасното мочуриште и каде ги видоа и научија за ендемските видови на животни и растенија кои се специфични токму за овие области. Исто така, го посетија и градот Почитељ, како и изворите наречени Врело Буне.

Крајот на ова возбудливо патување низ Босна и Херцеговина беше во Мостар, прекрасен град на брегoвите на реката Неретва. Градот на големиот мост, на песната, музиката и на уметноста.

Разделбата меѓу другарчињата од Карпош и од Стари Град, како и со нивните семејства, беше топла и трогателна. Се договорија да се видат повторно, овојпат во Македонија, во Карпош, и да го продолжат своето другарување. Каде што завршува една средба, се отвораат вратите за друга, нова, поубава...

Нашите ученици, на пат кон дома, имаа можност да ги посетат и падините на планината Мокра Гора, во чии прегратки е сместено прочуеното Етно Село, препознатливо по неговиот идеен творец, режисерот Емир Кустурица.

Планинскиот пејзаж беше одлична инспирација за фотографирање.

Во Скопје, нашите ученици пристигнаа со многу насмевки и со прекрасни спомени. Сараево им остави голем впечаток и убави сеќавања, како град кој претставува спој на минатото, сегашноста и на иднината.

„Од срце им благодариме на нашите другарчиња и пријатели од Сараево! Ги чекаме на возвратна посета во нашиот Карпош“.







ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИТЕ ПОКРИВИ

Општина Карпош планира од сопствениот буџет да издвои десет милиони денари за замена на азбестните покриви на колективните станбени згради и на индивидуални објекти. За таа цел е предвидено покривање на 150 индивидуални објекти и 15 колективни станбени згради, чии покриви се или крајно оштетени или штетни за здравјето на граѓаните, односно на станарите.

Аплицирањето за замена на покривите ќе се врши врз основа на конкурс кој дополнително ќе биде објавен во јавноста и на кој сопствениците и станарите, односно заедниците на станари, ќе конкурираат.

Како предуслов за ова е тие да имаат склучено договор со изведувачот, односно со фирмата што ќе ја врши замената, што е нивниот дел од учеството во овој партнерски проект. Општината, пак, од своја страна, се обврзува да обезбеди ламарина за покривање на покривот, завртки и дрвени греди за покривната конструкција.

Кај колективните станбени објекти ќе се заменуваат само постојните косие покриви, кои имаат азбестно-цементна покривка и истата ќе се замени со ребрест салонит, односно со пластифициран поцинкуван лим.

В.Ц.

ВЕЛИГДЕНСКА ИЗЛОЖБА

Општина Карпош и Секторот за дејности од јавен интерес, првпат организираа Велигденска изложба во Кинотеката на Македонија. На изложбата учествуваа 21 познати академски македонски уметници, како Симонида Филипова-Китановска, Јасмина Новковска, Тања Таневска, Марија Светиева и многу други. По повод христијанскиот празник, на манифестација беа претставени дела во сите сликарски и графички техники, а беа презентирани и скулптури и инсталации.

Овој голем велигденски настан заврши со пригоден коктел и со музика за уживање. Организаторите сметаат дека оваа изложба треба да стане традиционална манифестација, на која уметниците ќе можат да го истакнат својот талент, а љубителите на уметноста ќе имаат можност да уживаат во креативноста и творештвото на нашите врвни уметници.

М.Г.





ПРВА ОТВОРЕНА УЧИЛНИЦА

Во дворот на ООУ „Димо Хаџи-Димов“ месецов беше предадена во употреба првата „отворена училница“ во Општина Карпош, како оригинална методолошка креација во наставата на ова училиште. Во неа учениците ќе изведуваат настава на отворено по предметите ликовна уметност, музичко образование и македонски јазик и на креативен начин и во контакт со природата ќе ги развиваат своите вештини. Наставниците и учениците ќе се обидат на поинаков начин да ги урнат стереотипите според кои се одвива класичната настава во образовниот процес.

Во изградбата на училницата учествуваа 20 студенти од Универзитетот „Кери“ од Филаделфија и од колеџот „Бајбел“ од Ланкесетер - САД. Овој проект е идеја на директорката на основното училиште, Зорка Ристова, а помогнат е од Општина Карпош која ја направи подлогата и пристапот , како и фасадата на задниот павилјон на училиштето и невладината организација „Линкакрос“, која дониraше во изградба на дрвената конструкција на училницата. Општина Карпош, преку нејзиниот прв човек Стевчо Јакимовски, се заблагодари на невладината организација за поддршката што САД ја даваат за нашите училишта, за Карпош и воопшто за Македонија и вети дека Општината до крај ќе ги исполни своите обврски кон ова училиште, а децата од Влае 1 и Влае 2 ќе имаат прекрасни услови за учење, едни од најдобрите во државата.

На сите помагачи на проектот, директорката Ристова им врачи посебни благодарници.

И.Ѓ.



ЦВЕТНИЦИ СО КУД „ЦВЕТАН ДИМОВ“

Младинското културно-уметничко друштво „Цветан Димов“ од општина Карпош, го одбележа православниот празник Цветници, со концерт на народни игри и песни. Концертот се одржа на платото на трговскиот центар „Сити мол“, каде што многубројната публика уживаше во прекрасната програма на младите играорци. Околу стотина играорци, членови на културно-уметничкото друштво, исто така беа задоволни од приемот на публиката. „Цветан Димов“ е културно-уметничко друштво кое со години соработува со Општина Карпош и ужива нејзина поддршка, а чија главна цел е пренесување на традиционалните игри и песни на младите генерации.

Младинското културно-уметничко друштво, исто така, при крајот на месецот учествуваше и на Меѓународен фолклорен фестивал во Измир, Република Турција. Меѓу многубројните учесници, ансамблот „Цветан Димов“ ја претстави и Општина Карпош со репертоар посебно подготвен за овој фестивал.

Л.П.К.



ВЕЛИГДЕНСКА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА

Во рамките на програмските активности на општина Карпош, и оваа година, по повод велигденските празници, Општина Карпош обезбеди 100 пакети со прехранбени и со хигиенски производи. Пакетите се наменети за најранливата група наши сограѓани кои се наоѓаат во зоната на социјален ризик.

Целта на оваа акција беше празничните велигденски денови да минат во добро расположение и во семејствата од оваа социјална група и со тоа да се ублажи нивната тешка материјална и финансиска состојба. Семејствата на кои им беа доделени пакетите изразија голема благодарност за хуманиот гест на локалната самоуправа.

И.М.







ХУМАНА МАСКАРАДА

„Балонот за летање Каја“, „Пеперутката Ања“ и „Неотпакуваната барбика“ од ООУ „Владо Тасевски“, се трите најуспешни поединечни маски на големата хумана маскарада која на почетокот на април се одржа во Општина Карпош пред „СП-маркетот“ на пазарчето во Тафталице. Децата од ООУ „Братство“ ни ја раскажаа најубавата „Шеќерна приказна“ од Славко Јаневски во категоријата најуспешна групна маска. Второто место го освоија „Шпилот карти“, маска од учениците на ООУ „Војдан Чернодрински“, додека третото место им припадна на „Четири годишни времиња“ од ООУ „Лазо Трповски“. Ова беше само крунска завршница на прекрасниот пролетен настан кој заеднички го организираа компанијата „Скопски пазар“ и Општина Карпош, а на кој присуствуваа повеќе од 500 посетители од кои повеќе од 150 беа успешни и креативни маски на децата од десетте основни училишта на територијата на општина Карпош.



Во состав на оваа хумана акција организаторите успеаја да соберат продукти вредни околу 4.800 евра и 1.200 евра парични средства, кои во хуманитарни пакети со прехранбени продукти и средства за хигиена ќе им бидат доделени на социјално-загрозените семејства од општина Карпош. Најкреативните решенија на маски добија по еден велосипед за секого во поединечна конкуренција и справи за фитнес за групните маски кои ќе се користат во победничките училишта.

За гостите на оваа пролетна забава исполнета со многу радост и смеа, која ја водеше познатиот Ивце-Пивце, имаше и лотарија на која беа доделени 15 награди и тоа: три мобилни телефони, пет слушалки и седум звучници.

В.Ц.

ЗАМЕНА НА ЛИФТОВИ ВО ВИСОКОКАТНИЦИ

Општина Карпош, во рамки на својата Програма за работа за 2014 година, кое е одобрена од Советот на Општината планира замена на оштетени лифтови во висококатниците на своја територија. Според проекциите на стручните служби, ќе се менуваат лифтовите во станбени објекти кои се повисоки од 15 ката

Ова го вети градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, уште при локалните избори, а за таа цел, експертите од администрацијата направија обиколка на сите десеткатници и на помалите згради во кои е констатирано дека лифтовите се во лоша состојба. Притоа, како што е утврдено, во согласност со буџетските можности, се планира нивна сукцесивна замена. **В.Ц.**

ИНФРАСТРУКТУРНИ ОСВЕЖУВАЊА ВО РАЗЗЕЛЕНЕТ КАРПОШ

Дождливиот и променлив април ни попречуваше, но никако не нè одврати во намерата веќе сериозно да се зафатиме со работа во поглед на инфраструктурните зафати што нашите граѓани ги очекуваат. Токму поради тоа, месецов работевме во Криви Дол, каде реката Серава доби еластична одбојна ограда, ги завршивме почнатите краци на улицата Скупи 20 во Злокуќани, реконструиравме паркиралишта, улици, тротоари...





Завршени се три крака на улицата Скупи 20 во Злокуќани со вкупна должина од 150 метри. Реализацијата е на „СМ компани“, а Општината ја чинеше 4.945.389 денари.





Месецов се интензивира и работата на плоштадот во населбата Влае. Беше санирана и исчистена фонтаната, а се работи и на партерно уредување на просторот и на поплочување. Беа поставени и 56 столба за осветлување, кои ги монтира фирмата „Магнус".



Реконструкцијата на паркиралиштето зад зградите на улицата Рузвелтова и улицата Јуриј Гагарин број 15,17 и 19, на површина од 245 квадратни метри, ја спроведе „Бетон“, за што од општинскиот буџет се издвоени 1.809.047 денари.



Фирмата „Кединг ДООЕЛ“ ја изработи и ја монтира еластичната одбојна ограда со должина од 160 метри, на кејот на реката Серава во населбата Криви Дол, за што Општина Карпош издвои 230.100 денари.



Улицата Новопроектирана 1, со должина од 374 метри, во населбата Жданец беше реконструирана од фирмата „Жикол“, за што Општина Карпош издвои 2.199.508 денари.



WWW.LAPLAST-M.COM.MK

LAPLAST-M

Една друга приказна од Македонија

МАЛИОТ ВРЕДЕН ЧОВЕК ОД БЕРОВЦИ

Карпош не е Скопје, Скопје не е Македонија. И Беровци е дел од Македонија. И Андреј е мал граѓанин на Македонија. И тоа каков. Еве прочитајте зошто



Многу често се приврзуваме за непосредното опкружување, заборавајќи дека надвор од него има многу вредни нешта, кои, или ги потценуваме, или не ги забележуваме. Пред некој месец, на факултет дојде Николина, моја студентка од првите генерации, која подоцна беше и мој постдипломец. Животот ја однел на друга страна и сакаше да си ја заврши работата со магистратурата. Со неа беше дојдено едно детенце, русокосо, со румени образи. Според изгледот, стануваше збор за нејзиното синче, кое навидум беше срамежливо, ама во исто време од неговите впечатливи очи се читаше сериозност и мудрост.

Како што ме дала мајка-природа дечар, онака другарски, го потпрашав кое одделение е, а тој строго ми одбруси: „Не одам на школо“. Баш се изненадив оти детето ми се виде едро, како за ученик. Но, не застанав таму. Продолжив да се обидувам да го придобијам неговото внимание, па пак, не многу сериозно, го потпрашав што најмногу го интересира: топка, компјутер или нешто трето. Тој ги собра веѓите и пак строго ми одговори: „Работам“. Пак ме изненади. Се свртев кон мајка му и со поглед и гримаса побарав објаснување. Таа само ми препорача да го допрашам. На прашањето „Што работиш бе Андрејчо?“, ширум ги отвори очите и полн со гордост кратко изусти: „Овци“. Ете ти сега! Е тоа беше вистинско изненадување, на што само спонтано го замолив да ме гушне. Ме грабна со своите цврсти рачиња и машки ме гушна. Очите ми се наполнија со солзи. Си реков „Види го бе, дете-човек“. Се потргнав малку и убаво го загледав. Андреј зрачеше со здравје, ама и со самоувереност. Низ муабетот, тој и мајка му ми објасниј дека за него, петгодишен, не е никаков проблем и да ги молзе овците, што е макотрпна работа за која и сам по нешто знаев. Откако завршивме со службениот дел од муабетот, им кажав дека многу би сакал да дојдам во нивното место и да го видам со свои очи ова за што зборував со „работников“.

Неколку дена бев под силна импресија на оваа средба и си реков дека навистина морам да го посетам ова необично или, можеби, обично дете, ама не за нас „урбаните“ типови. На неколкумина мои блиски им ја раскажав средбата и додека зборував за Андреј, имав впечаток како да е пак тука, до мене, и ми објаснува за својата работа околу овците на татко му и на мајка му.

Речено - сторено. Неколку недели подоцна, за време на претседателската кампања што ја водев, во секојдневните средби со граѓаните, се најдов на тој дел од Македонија и им се јавив на Славчо и на Николина, родителите на Андреј, за да проверам дали може да ги посетам. Уште недоречен, поканата веќе стигна и јас за кратко време се најдов во Беровци, село на неколку километри од Прилеп. На влегување, се јавив за да ги замолам за „навигација“ до нивниот дом. На крајот на селото ме пречека Андреј со еден велосипед, кој беше соголен од сите детали и веројатно во Скопје нема да најдете дете кое би го возело за ништо на светот. На скопските деца, жал ми е што ќе кажам, ама би им било „испод чест“ да возат таков стар велосипед без светла, ѕвоно, браници, луксузно седло и други тракаташки. Ама на Андреј тоа не му пречеше. Го јавна својот „Дорчо“ и, како фурија низ прашливиот пат, нè донесе пред куќа.

На прагот нè пречекаа тато Славчо – стопанот, мама Николина и малата сестричка. Куќата беше трошна, а во дворот се наоѓаше и фармата со стотина овци. Од разговорот со домаќините сфатив дека овчарството им е семејна традиција и дека по кратката кариера како професор во средно училиште, каде што не добила постојано работно место бидејќи немала партиски пасош, Николина се решила на овој чекор. Не беше тешко да се заклучи дека нашите соговорници се скромни и вредни луѓе. Живеат од продажба на јагнишa, а од млекото произведуваат многу квалитетно овчо сирење чиј пласман е однапред обезбеден.

Родителите на Андреј со гордост раскажуваа дека Андреј е нивниот подвижен компјутер за јагнињата, односно знае кое јагне чие е и дека кога не се дома, тој е задолжен да ги потхранува новородените јагнишa. Во тоа сесрдно му помага сестричката, која му ги отвора вратите и му ги придржува садовите. Кој би рекол? Тој со пет години, а сестра му, Мила, со неполни четири, се вистински работници на фармата на Славчо и на Николина. Тие имаат своја убава куќа и во Прилеп, но, заради работата, повеќе време поминуваат во старата куќа во Беровци. Додека разговаравме, на ред дојде и училиштето, кое од септември ќе треба да го почне малиот-голем Андреј. Тој беше толку категоричен дека не сака да оди на училиште во Прилеп бидејќи ќе биде далеку од овците и нема да може да им помага на неговите. Дилемата за тоа каде ќе учи, остана и по нашето заминување.

Имаше уште неколку ситни детали кои ги разбравме додека разговаравме. Така, мама Николина ни кажа дека Андреј и Мила се толку солидарни, што кога го карат едниот, другиот го заштитува и обратно. Вистинска братско-сестринска солидарност, што за урбаните фамилии не е баш вообичаена, нели? Сите се сложија дека најтрогателни моменти во животот на овие вредни дечиња се доаѓањата на камионите и земањето на јагнињата за продажба. Толку се соживуваат со нив, што и Андреј и сестра му се откорнуваат плачејќи по нив. И секогаш мора да има некој компромис, односно некое јагне, иако е таксано, не го даваат и најчесто стануваа збор за оние, шарените.

Драги мои, можам уште многу да ви пишувам за ова прекрасно и вредно семејство, кое, иако живее од многу мачна работа, не се жали. Бара само државата навреме да си ги врши обврските кон нив, а сè друго било нивна работа. И потоа некој ќе ми каже дека Македонија немала иднина. Јас веќе го замислувам Андреј по 20 години како млад деловен човек кој си го проширил бизнисот и направил погон за преработка на сирење.

ПС: Ми се наполни душата што ја споделив приказната со вас, драги читатели на „Урбан Карпош“, за да ве потсетам дека Македонија е и надвор од нашиот убав и уреден Карпош.

Проф. д-р Зоран Т. Поповски



КАДЕ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ?

Правилниот избор на средното образование е првиот чекор кон успешна професионална кариера и создавање личности кои се професионално реализирани и слободни...

Во овој број на „Урбан Карпош“ одговорот на прашањето „Зошто сметате дека токму Вашето училиште е вистинскиот избор за продолжување на образованието на учениците кои во јуни годинава го завршуваат основното образование?“ го побаравме од две стручни училишта чија специјалност се техничките струки, поконкретно електротехничката и машинската. Станува збор за средните стручни училишта на Град Скопје „Михајло Пупин“ и „8 Септември“. Се одлучивме за овие две училишта да отстапиме повеќе простор зашто, според одговорите на раководните лица на овие училишта, кај нив се образуваат кадри за кои работодавците покажуваат зголемен интерес, односно можноста за вработување по завршувањето на средното образование е голема и реална, но, исто така, и можноста за запишување во високото образование е отворена. Значи, станува збор за училишта кои создаваат кадри кои се дефицитарни на пазарот на трудот.

Овие две училишта се специфични и по тоа што реализираат специјализирани наставни планови и програми само од една струка.

СМУГС „8 Септември“

Лоцирано е во општина Гази Баба, а во учебната 2013/14 година во него се запишаа 313 ученици распоредени во 16 паралелки, што значи дека, во просек, има помалку од 20 ученици во паралелка. Наставата во училиштето се изведува на македонски и на албански наставен јазик.

Во своето обраќање до идните средношколци, директорот на училиштето вели: „Изберете го машинството како една од најперспективните професии кај нас и во светот. Овозможува лесно вработување во постојните и нови производни капацитети, а големите странски инвестиции се и ќе бидат најмногу во машинството и во новите технологии. Машинството, воедно, овозможува отворање сопствен бизнис“.

СМУГС „8 Септември“ е најстарото и најреномирано училиште за машинска струка во државата затоа што располага со сите потребни кабинети и училници за изведување современа настава, две фискултурни сали со поволни услови за спортување и натпревари и машинска работилница за практична настава. Во ова училиште се образуваат следните кадри: машински техничар, техничар за компјутерско управување, автотехничар – мехатроничар, кои се реализираат низ четиригодишна образовна програма, и бравар, инсталатер на водовод, металострugар и заварувач, за кои постои тригодишна образовна програма.

„Нашите ученици учествуваат на државни и меѓународни натпревари по стручни предмети и практика, а наставниците постојано професионално и стручно се усовршуваат следејќи ги светските трендови во образованието“, додаваат професорите од ова училиште.





СЕТУГС „Михајло Пупин“

Средното електротехничко училиште е лоцирано е во општина Гази Баба, а во учебната 2013/14 во него се запишаа 642 ученици, распоредени во 27 паралелки, што значи - во просек помалку од 24 ученици во паралелка. Расположливиот простор по ученик во ова училиште изнесува 13,86 квадратни метри.

- Ние сме средина секогаш отворена за креирање и за создавање. Користејќи современа образовна технологија вршиме оспособување на кадри способни да одговорат на современите професионални предизвици. Ученикот е центар на сите наши заложби. Како училиште со долга традиција во стручното образование, ние сме свесни за одговорноста која стои пред нас. Знаеме дека треба да образуваме кадри кои со стекнатите знаења, умеења и вештини ќе бидат препознаени на пазарот на трудот по својот квалитет, но истовремено и подготвени за продолжување на своето образование на универзитетите во Република Македонија. Исправени пред овој предизвик, а со цел да одговориме на општествените потреби, целокупната наша енергија ја насочуваме кон подобрување на условите за работа, осовременување на постоечките лаборатории и кабинети, но и кон креирање на воспитно-образовен процес кој на учениците им нуди знаења со употребна вредност - велат професорите од ова училиште.

Во „Михајло Пупин“ се образуваат кадри од електротехничка струка во три образовни профили со четиригодишно траење на образованието и два со тригодишно траење. Електротехничар за електроника и телекомуникации, електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар-енергетичар се образовните профили со четиригодишно траење на образованието, а со тригодишно траење се следниве образовни профили: електромеханичар и електроинсталатер и монтер кој првпат годинава ќе се реализира по реформирани наставни програми. Библиотека со богат фонд на литература, современо опремен кабинет за автоматика и роботика се, исто така, дел од условите во кои работат учениците.

Подетални информации за училиштето можете да најдете и на веб-страниците на училиштето, www.mihajlopupin.edu.mk и www.mihajlopupin.mk, кои се изработени од учениците.

Ефтим Пејовски







„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ ОДБЕЛЕЖА 50 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ

Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ го одбележа својот јубилеен 50. патронен празник. Под мотото „Патувајќи низ минатото, ја градиме иднината“, основците од ова училиште од Карпош учествуваа во интерен литературен и ликовен конкурс, за кој раководството на училиштето обезбеди награди, книги, енциклопедии и пофалници. Централниот дел од прославата на големиот јубилеј, се случи во Кинотека на Македонија, каде учениците низ мјузикл, проследен со видеопрезентација, го претставија развојот на ООУ „Јан Амос Коменски“ низ годините, од самиот почеток до денес. Гости на големата прослава за патрониот празник беа делегациите на пријателското училиште „Станислав Сремчевиќ“ од Крагуевац и на партнер-училиштето „Себедин Бајрами“ од тетовско Каменьане.

ООУ „Јан Амос Коменски“ е училиште кое веќе 50 години вложува во својата воспитно-образовна работа и секогаш е меѓу првите во однос на имплементација на целодневната настава, активна настава. Тоа е единствено училиште во градот со простории за учениците со посебни потреби, а добитник е и на највисоката еколошка награда „Зелено знаме“.

По повод 50-годишниот јубилеј, директорката Емилија Арсовска го искажа своето големо задоволство од позитивната училишна клима и изрази искрена благодарност за сите кои биле дел од ова училиште.

- Мора да се напомене дека и Општината Карпош дава посебен приоритет на образованието во изминатиов период - рече Арсовска.

Л.П.К.



СПЕКТАКУЛАРНО ХУМАНИТАРНО ШОУ ВО „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Под мотото „Детските срца пеат за Димитар“, учениците од ООУ„Лазо Трповски“ приредија прекрасна манифестација со многу емоции, музика и неверојатна позитивна енергија по повод својот 45-годишен јубилеј, кој од срце му го посветија на петтоодделенецот од ООУ„Вера Циривири-Трена“, Димитар Несторовски, како финансиска поддршка за неговата операција во Кина.

Училишниот хол беше претесен да ги собере пријателите на хуманоста, кои уживаа во двочасовното шоу налик на мегапопуларниот „Икс-фактор“. Четиринаесет оригинални музички точки, четири ментори и забавни коментари, битбокс и рап, имитации на познати светски пејачи, специјално изработена сценографија и костимографија, беа дел од детскиот хуманитарен спектакл. Малиот Димитар и неговото семејство, кои беа специјални гости на шоуто, беа воодушевени и бескрајно благодарни за „чудото“, како што самите го нарекоа, што за нив го направиле децата од ова училиште. Најголемото изненадување за Димитар, како и за сите присутни, беше видеопораката од популарниот Даниел Кајмаковски, кој им се заблагодари на учениците од „Лазо Трповски“ што токму тој и „Икс-фактор“ биле инспирација за овој хуманитарен настан, а на Димитар му посака да биде храбар, да не се откажува и да го следи својот сон исто како што тој својот го чекал 30 години. Десетина помагатели, реномирани фирми и институции, како и родители, дадоа свој придонес во овој хуманитарен проект, па севкупно со средствата од билетите за манифестацијата, ООУ „Лазо Трповски“ за Димитар собра 55.000 денари.

М.Г.



„ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ НА МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР

Леа Ефтовска, Леа Јаначкова, Олег Мирчевски и Андреа Поповиќ, ученици од ООУ „Владо Тасевски“, и нивната менторка Виолета Панев се наградени од „Фондот за одржливо живеење“, со седиште во Велика Британија, за успешно учество во „Меѓународниот натпревар – Есеј 2014“, во категоријата ученици од основно училиште до 11 години.

Учениците кои учествуваа на натпреварот, твореа на тема „Што значи одржливо живеење?“ и имаа задача да ги опишат чекорите и мерките што нивната земја треба да ги преземе и да ги реализира во поглед на одржливото живеење. Леа, Андреа, Леа, Олег и нивната менторка Виолета Панев се поканети во Англија да ги добијат своите наградни сертификати на „Меѓународната училишна дебата“, што ќе се одржи во јули во Англија, и на церемонијата на доделувањето на признанијата на наградените добитници и победници во категории за основно и за средно образование.



„Меѓународниот натпревар - Есеј 2014“ и „Меѓународната училишна дебата“ им даваат можност на учениците да работат со некои од најдобрите млади умови во светот, да црпат инспирација од другите и да споделуваат знаења, како и да ја подобрат соработката на ова поле во интернационални рамки. **Л.П.К.**

„ГУМИЛЕНД“ ЗА РАДОСТ НА ДЕЦАТА

Во ООУ„Вера Циривири-Трена“, на средината на месецот, беше отворено „Гумиленд“, детско игралиште изработено од гуми. Игралиштето е плод на заедничката работа на родителите и на наставниците, членови на клубот „Оптимисти“, кој е формиран оваа учебна година. Во овој клуб, како што велат „оптимистите“, се членува врз доброволна основа и неговите членови се секогаш подготвени да одвојат дел од своето слободно време и со најразлични активности да придонесат за зголемување на квалитетот на наставните и воннаставните активности во училиштето.

Идејата за изработката на ова игралиште, како што ни кажаа во училиштето, потекнува од родителите и од наставниците, кои, секој според своите можности, работеле и во попладневните часови, но и за време на викендите.

- Вистинско задоволство беше да се биде дел од овој креативен тим бидејќи целокупното работење беше проследено со весела дружба, шеги и со смеа. Она што навистина не може да се опише со зборови е среќата и радоста на учениците кои вчера првпат го користеа игралиштето – ни изјавија членовите на клубот „Оптимисти“. **И.М.**






Карпош Комуницира

Гледајте не на нашиот youtube канал youtube.com/Општина Карпош




Изградба и реконструкција на улици и паркинзи во...
14 views 20 hours ago



" Гумиленд" за радост на децата
37 views 1 day ago



2014 04 15 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА...



Пролет во Карпош
39 views 2 weeks ago

Фудбалските фанатици се собраа во ТЦ Карпош 3 на традиционално разменување на самолепливите сликички, со една цел што побргу да си го комплетираат албумот на „Панини“



Центарец @DoktorotStark · Apr 14
Си одам од Сити Мол пешки и дури бев во @OpstinaKarpos, лабаво, пешачка патека под сенка, милина. И после тоа влегов во @OpstinaCentar.

Mia Colucci @stojanovska__m · Mar 23
hej @OpstinaKarpos ke mi ja popravite li nekogash sijalicata pred kukja? ne e sega samo mojata

Opstina Karpos @OpstinaKarpos · Mar 24
@stojanovska__m утре ќе биде таму нашата екипа

Mia Colucci @stojanovska__m · Mar 26
@OpstinaKarpos редно беше, ама ипак пак ќе гласам за вас :D





Дали ни испративме фотографија од вашиот двор?
Ако не сте го направиле тоа сеуште имате време, со сликата пратете ни и ваше име на нашата меил-адреса kontakt@karpos.gov.mk, очекувајте ја новинарската екипа на „Урбан Карпош“ да Ве посети и освојте ваучер во вредност од 6.000 денари,
што ја обезбедува фирмата MTD (се за вашата градина)

Изработила: Ива Манова

Во Влае, кај Борис Михајловски



ЦВЕТНО, И ЗИМЕ И ЛЕТЕ

Населбата Влае има многу убави градини, кои ви го одземаат здивот со својата комплетност во спојот на природата и на човечкиот допир. Еден таков се наоѓа на улицата Мраморец број 25б.

Борис и Наташа Михајлоски секоја пролет, во својот двор, приредуваат голема забава за своите роднини и пријатели. Без оглед на тоа дали за забавата постои повод, како матурска прослава или роденден на нивните ќерки Магдалена и Симона, или, пак, се работи за обични седенки, нивните гости имаат можност да уживаат во извонредна дружба, но и во фантастично уреденият двор, во зеленилото, во цвеќињата...

- Дворот го уредуваме ние, но со советодавна помош од еден наш пријател кому цвеќињата и хортикултурата му се професионален ангажман. Се обидуваме во текот на целата година во нашата градина да има макар нешто цветно, па зиме им се радуваме на љубичиците, а лете на висечките сардели. Напролет цветаат разнобојните лалиња, ама одгледуваме и многу други видови. Од дрвцата, гордост ни се јаворите, и црвениот, но особено зеленият – ни раскажува домаќинот Борис.

Тој вели дека за дворот да биде таков каков што е, им било потребно многу време и многу труд, но уште повеќе креативност зашто не секое растение успева во исто опкружување, па со текот на годините, како што се обидувале да зафатат едни, така елиминирале други цвеќиња и дрвца.

- Секоја сезона нешто менуваме, досадуваме или пресадуваме зашто така дворот повторно добива некој нов сјај и изглед – вели Борис.

Посебно место во зеленилото имаат фонтаната и чешмата, за кои, како што велат домаќините, дизајнот е нивни. Но, додаваат тие, целата слика би била некомплетна без кученцата Бубу и Ани, папагалот Мики и желчето Жеки, кои не се само украс, туку и дел од семејството.

Л.П.К.



ИЗВЕСТУВАЊЕ

„Урбан Карпош“ и фирмата MTD Ве повикуваат да ја раскажете приказната од Вашиот двор или градина на страниците на нашиот месечник и, на тој начин, да учествувате во натпреварот за кој наградата, ваучер во вредност од 6.000 денари, ја обезбедува MTD.

Испраќајте ни фотографии од Вашиот двор, со адреса и телефонски број за контакт, на нашата меил-адреса kontakt@karpos.gov.mk и очекувајте ја новинарската екипа на „Урбан Карпош“ да Ве посети.

Приказните за најубавите дворови во Карпош ќе бидат објавени на нашите страници, а со тоа Вие станувате потенцијален добитник на наградата од MTD. На крајот од шестмесечниот циклус, сите стории со повеќе фотографии ќе бидат повторно објавени на фејсбук-страницата на Општина Карпош, каде што нашите читатели ќе го дадат својот „like“.

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА

Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk

MTD



Ансамбл на жени миросници

МУЗИЧКА „СМИРНА“ ЗА ДУХОВЕН МИР

Единаесет пријатни дами, негувајќи го црковното пеење, се обединиле за, како што велат самите, да го слават Бога, но и со своите блажени песни да ја донесат добрата вест и да ги облагородат срцата на слушателите



Карпош е општина на прогресот, на луѓе што уживаат да бидат и се авангардни, индивидуи што му пркосат на времето и на општествените текови што го одликуваат. Но, Карпош не би бил тоа што е, ако понекогаш овдешните луѓе не го фрлаат погледот и наназад, кон историјата, традицијата... А во нашата традиција неизбришливо се вткаени нишките на духовното.

Токму затоа, „Смирна“! Тоа е музички ансамбл составен од 11 извонредни дами кои изведуваат духовна, православна музика, во стилот познат како црковно пеење. Иако друштвото официјално постои само еден месец, неформално егзистира нешто подолго од две години.

- Иницијатор за формирање на нашиот ансамбл е Роза Василевска, наставничка во ООУ „Јан Амос Коменски“, со благослов на отец Ивица, и двајцата жители на најубавата и најурбана општина во Скопје, Карпош. Целта на нашето музичко постоење е да го славиме Бога – ни вели Маја Петровска, една од членките на ансамблот, со која поразговаравме по повод неодамнешниот настап на ансамблот во Домот на градежниците. Таа вели дека меѓу луѓето постои интерес за музиката што ја изведуваат и дека нивните слушатели најчесто со фасцинација уживаат во нивните настапи, кои за релативно краток период ги има навистина многу на број.

- Цели две години настапуваме на „Недела на Светото писмо“ во црквите „Св. Ѓорѓија“ и „Св. Димитрија“, а покрај тоа сме настапувале во „Куќата на Мајка Тереза“, во Методистичко-евангелистичката црква, на Екуменски собор, во „Катчето на ми-

рот“ во Капиштец, за Цветници и за 8 Март, на повеќе поетски читања на поетесата и водителка Виолета Сековска, на многу заеднички дружења и добротворни „Трпези на љубовта“... Освен тоа сме гостувале и во некои телевизиски емисии, но и во Домот на градежниците за Божиќ, како и деновиве, на 25 април, по повод Воскресението на Христос – ни гостува Петровска. Нејзината приказна за името на ансамблот завршува со делот од „Свето писмо“ каде стои дека жените мироносници го носеле мирото на Христовиот гроб за да го намачкаат неговото тело.



- Ете, и ние сме жени мироносници, носители на добрата вест, жени кои со своите блажени песни ги облагородуваат срцата и ги чистат душите – вели Петровска.

Лилјана Петрушевска-Кочовска

Покрај духовната музика, која, слободно можеме да кажеме, додека ја слушате, ви носи мир во душата, ансамблот „Смирна“ изведува и македонски изворни песни, „бисери“, како што ги нарекуваат овие уметнички. Сите тие претходно имале некое музичко искуство во регионални хорови или познавање за одреден инструмент.

- Со други зборови, го негуваме македонскиот изворен мелос и, секако, духовната музика, зашто тело без душа е како пустина без вода – низ метафора ни го објаснува спојот на двата музички правци нашата соговорничка.

Ако се прашувате зошто „Смирна“, објаснувањето е во етимологијата на зборот.

- Смирна е библиското име на град источно од Ефес, но исто така е и библиски мелем, балсам. Според Библијата, тројцата мудреци од исток доаѓаат во скромниот дом на Дева Марија и ѝ принесуваат дарови од злато, темјан и смирна. Златото е симбол на материјалниот, видливиот свет. Темјанот симболизира чиста молитва на срцето, мирис на Бога, духовна арома на божјата благодат, мир и радост во Светиот Дух. Смирната, пак, е мирисен мелем кој го подготвува телото за вечен живот. Тој последен дар е прототип на големи и смирени жртви како непроценливата жртва на Христос – ни раска-




Новоградба – вселиви мај 2014
Слободни станови: 49м2, 65м2, 78м2
Секој стан е со паркинг место
Приземјето одговара за деловен простор:
канцеларии, ординации, амбуланта
Локација: Н. Козле, спроти
студентски дом "Гоце Делчев"
Инвеститор Лубриком
e-mail: lubrikom@t-home.mk
Тел: 070 204 457

Васко Распашковски во фудбалска мисија

САКАМ ДА ГО ДОПРАМ ВРВОТ КАКО РОНАЛДО



Првата топка ја шутнал на пет години, а со фудбалот го „заразил" дедо му, кој секогаш го носел на натпревари кога играл „Вардар"

Дека Карпош има таленти докажуваат многубројните умешни млади жители на оваа голема општина. Нивните заложби во спортот се од големо значење за нивниот понатамошен развој во кариерата, но, пред сè, за добро здравје. Васко Распашковски е едно од тие талентирани момчиња кои неуморно и со цело срце го докажуваат талентот што го поседуваат, и тоа во најпопуларниот спорт - фудбалот. За него, овој спорт е многу важен и понатамошната кариера планира да ја продолжи токму како играч во првиот тим на неговиот сегашен клуб „Вардар". Фудбалот е спорт кој бара голема концентрација, издржливост, упорност и многу љубов. Сите овие особини ги поседува младиот Васко Распашковски кој со задоволство зборуваше за своите почетоци и за плановите за понатамошната кариера.

- **Кој беше „виновникот", односно поттикнувачот за да се занимаваш со овој спорт и максимално да му се посветиш?**

- Дефинитивно, тоа беше дедо ми. Тој, уште од моите четири-пет години, ми ја додаваше топката со нога, ми даваше да шутирам. Секогаш ме носеше со себе и никогаш не пропуштавме натпревари кои се играа на Градски стадион, на кој играа тогашните фудбалери на „Вардар".

- **Кога почна да трениараш фудбал, а кога кај тебе се појави желбата за овој, да речеме, напорен спорт, со оглед на тоа што непрекинато се трча 90 минути?**

- Да, така е, доста е долго времето за трчање по топката, но, верувајте, мене ми е тоа секојдневно и воопшто не ми претставува тешкотија и замор. Јас овој спорт го засакав уште на петгодишна возраст кога првпат ја шутнав топката со мојот дедо. Оттогаш, желбата да тренирам фудбал се наметна во мојот живот, а со професионалните тренинзи почнав на седумгодишна возраст.

Тренинарм шестпати неделно, но понекогаш имам и два тренинга дневно и тогаш е малку понапорно, но се навикнав. Од понеделник до среда тренинзите имаат појак интензитет и психички се подготвувам за натпревар, кој почесто се случува да се игра во сабота. Времето за одмор максимално го искористувам, се одморам, читам книги, гледам филмови, се дружам, излегувам. За мене од големо значење е тоа што имам хобија, а тоа се тенисот и пинг-понгот.

- **Кој е клубот во кој ти почна со тренинзи?**

- Како што напоменав, на седум години првпат почнав да тренирам фудбал во домашниот клуб ФК „Вардар", кој е сè уште мој матичен клуб. На почетокот, покојниот Момчило Грошев ми беше првиот тренер од кого научив што значи да се стремам да станам професионален играч. Тој ми го покажа патот до вистинскиот врв и сè уште тренирам и сум играч на истиот тим.

- **Која е твојата позиција во фудбалкиот тим?**

- Засега, мојата позиција е лево и десно крило, односно лев и десен играч за врска или, спортски кажано, позиција полушпиц. За мене оваа позиција во фудбалскиот тим е само предизвик да бидам сè подобар и подобар, што не значи дека и од овој агол на теренот е лесно зашто мора да ја чувам топката од противничкиот тим.

- **Како професионален играч кој се занимава со овој спорт, сигурно имаш омилен фудбалски клуб за кој страствено навиваш, како и омилен фудбалер. Кои се тие?**



- Така е. Како и секое момче што се занимава со спорт, и јас имам омилен фудбалер и фудбалски тим за кого навивам и посебно се интересирам за сите новитети од тој аспект. Мојот омилен играч и инспирација во фудбалот е Кристијано Роналдо. Во домашната лига, се разбира, омилен клуб ми е матичниот „Вардар“, а од интернационалните, ја сакам шпанска „Барселона“.

- **Како и секој спортист, веројатно се стремиш да бидеш во првите редови на твојот клуб. Сонуваш ли за репрезентацијата на Македонија или повеќе за некој странски фудбалски тим во кој би ја продолжил твојата спортска кариера?**

- Секако дека секој од нас играчите сака да биде дел од репрезентативниот тим на Република Македонија, но свесен сум дека е сè уште рано за овој ангажман. Јас во мојот клуб играм во категоријата младинци и имам уште многу фудбалски терени да истрчам за да дојдам до тоа ниво. Инаку, моја прва желба ми беше да играм за клубот во кој сум и сега, но понатаму во првиот тим во истиот клуб. Што се однесува до некој светски фудбалски тим, би сакал да заиграм во мојата омилена држава, Италија, а особено би ми било драго да бидам ангажиран од фудбалскиот клуб „Милан“.

- **Кои се твоите, односно со твојот фудбалски клуб, најголеми достигнувања?**

- Заедно со мојот фудбалски тим имаме освоено трето место во Гуча, Србија, четврто место на турнирот во Јагодина, Србија, второ место во Купот на младинци во 2011-2012 година и, најновото, она што сите нас нè радува, е учеството во полуфинале во Купот на младинци за 2014 година. Секое освоено место за мене е многу значајно и поседува посебно место во спортското катче во мојата соба.

Мила Глигорова



Ballet ... it's the rhythm of your life

Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)

Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk

e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje

Art Ballet
ballet school



Емануел Ристевски, спортски стипендист на Општина Карпош

БАЛАНСОТ Е ТАЈНАТА НА УСПЕХОТ

Како да се пронајде балансот меѓу секојдневните обврски кои ги носи животот и работите кои нè исполнуваат и нè прават среќни, преку својата животна сторија говори 18-годишниот карпошанин Емануел Ристевски. За него карате не е само спорт, туку и вештина, естетика и дисциплина на умот и на телото

● **Потекнуваш од спортско семејство, твојот брат е македонскиот скијачки ас Антонио Ристевски. Зошто се одлучи за карате, а не за скијање?**

- Уште како мал, бев темпераментен, хиперактивен и љубопитен, пред сè. Да, брат ми Антонио е одличен скијач, врвен спортист и јас навистина се гордеам со него. Сепак, јас тргнав по сопствениот пат. Најверојатно зад мотивацијата да го одберам карате како мој спорт, стојат детските импресии од тогашните мои јунаци кои се појавуваа на филмското платно, Џеки Чен и Брус Ли. Кога станав првооделенец, на седумгодишна возраст, паралелно со училиштето, моите родители ме запишаа на карате. Оттогаш, еве веќе 11 години, активно се занимавам со овој спорт. Бидејќи сум матурант, односно четврта година во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“, сè уште имам училишни обврски. По напорното учење, вистинскиот потег е физичка активност како што е карате. За мене, оваа древна вештина не е само физичкиот контакт, туку тренинзите ми помагаат да ја обновам енергијата и да ги средам мислите.

● **Кои се твоите најзабележителни успеси во рамките на овој спорт?**

- Јас се натпреварувам во поединечни и екипни борби и мојот статус е црн појас, прв дан. Досега сум учествувал на многу натпревари, интернационални, европски, како и на две светски првенства. Во Македонија, во јуниорска конкуренција, две години бев државен првак. Сега, кога наполнив 18 години, влегов во сениорска конкуренција и оваа година бев трет, што ми овозможува директно учество на Балканското првенство во карате за сениори, што ќе се одржи во Скопје. Мојот најдобар резултат е освоеното трето место на Европското првенство во карате, во екипна конкуренција за кадети и јуниори во Анкара. Потоа, следува второто место на Медитеранското првенство во карате 2013 година, за јуниори во категорија над 76 килограми. Оттаму, второ место на Балканското првенство во 2010, за кадети во категорија под 70 килограми. Во 2011 го освоив третото место на Медитеранското првенство за кадети во категорија над 70 килограми. На интернационалниот турнир во Хрватска, 2013 го-

дина, во категорија јуниори над 76 килограми, го обезбедив второто место. На истиот турнир оваа година во Хрватска, во категоријата постари јуниори (У21) над 78 килограми, се вратив со бронзен медал. Го освоив второто место на Интернационалниот турнир во Чачак, во категорија постари јуниори (У21) под 84 килограми. Досега бев член на репрезентацијата за кадети и јуниори, а во моментов моја примарна цел е да влезам и во сениорската репрезентација.

- **Што е потребно да бидеш врвен каратист?**

- Би рекол дека пресудни се упорноста и издржливоста. Исто така, потребна е максимална мотивираност и поставена цел кон која ќе тежнееш. Само со упорност и со посветено тренирање може да се постигне крајната цел. Се разбира, од непроценлива вредност е секој совет и менторство од тренерот, поискусните колеги итн.

- **Која е твојата најголема поддршка во карате-то?**

- Секогаш до мене е моето семејство, како што знаете, сите ние сме љубители на спортот, па оттаму и негови големи поддржувачи. Неизбежно, тука е и мојот тренер Бошко Заборски, како и Наташа Илиевска. Голема поддршка добивам и од моите пријатели, кои максимално ме охрабруваат да продолжам во оваа насока. На тој начин, сите заедно ми даваат мотив да вложам уште поголем напор и енергија, како би постигнал поголеми резултати на полето на овој спорт. Тука би ја издвоил и Општина Карпош, која две години по ред ме поддржува со спортска стипендија. Во таа насока сметам дека од особена важност за секој спортист, е поддршката од некоја институција, во мојот случај локалната самоуправа од Карпош. На тој начин, секој млад човек кој ќе одлучи сериозно да се занимава со кој било спорт, ќе наиде на отворени врати. Тоа дополнително позитивно влијае на моралот кај спортистите. Зарем не е најважно да имаме здрава младина и здрава околина?



- **Кој е твојот идол во овој спорт?**

- Најпрвин би ја издвоил Наташа Илиевска, најдобрата каратистка во Македонија која е, исто така, член, а воедно и помошник тренер на карате-клубот „Макпетрол“, каде што и јас тренирам. Навистина сум импресиониран од нејзините постигнувања како каратист, но и како тренер и советник. Од странските каратисти би го издвоил Рафаел Агаев од Азербејџан, чија техника и брзина остава, навистина, позитивен впечаток кај мене.

- **Дали и понатаму мислиш професионално да продолжиш со овој спорт или ќе се посветиш на нешто друго. Какви се твоите идни планови?**

- Својствено за секој каратист е да донесува молскавично брзи одлуки бидејќи честопати од брзината зависи каков ќе биде резултатот. Во мојот случај, засега ќе продолжам професионално да се занимавам со карате-то, но за што ќе се одлучам понатаму, ќе размислам уште малку. Сепак, трпеливоста е карактеристика која се вклопува со мудроста. Верувам дека поголемото искуство ќе ми помогне да ја донесам вистинската одлука.

Игор Ѓуровски

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ
GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА



НЕПРИЈАТНА ПРОЛЕТНА АЛЕРГИЈА

Тамам ќе се израдувавме на пролетта, ширум ги отворивме прозорците и излеговме на прошетка во природа, почнаа да нè заморуваат кивавица, здодевна секреција од носот, непријатно чешање на очните капаци и солзење од очите. Пролетната алергија е релативно честа, особено кај децата, но и голем дел од возрасните патат од вакви симптоми.

Според епидемиолозите, денес секој четврти Македонец страда од некој вид алергија, а пулмолозите, пак, причините за тоа ги лоцираат во премногу загадениот воздух, заситен со честички од дизелгорива, пестициди, но и во генетски модифицираната храна. Притоа, многу е важно да се знае да се распознаваат симптомите за да не се помешаат со настинка, која бара поинаков третман. Сепак, постојат и природни лекови кои можат значително да придонесат за намалување на интензитетот на кивавицата и на кашлицата, како и за ублажување на иритацијата на грлото, а кои би биле исто толку корисни и при лекување настинка. Така, ќе бидете сигурни дека не си наштетувате себеси, но никако не заборавајте дека треба да посетите и лекар.

Нане

Преку вдишување на пареата од чај од нане, без разлика дали е суво или свежо, ќе се подобри проодноста на дишните патишта.

Коприва

Чајот од коприва дејствува како антихистамински лек и помага да се намалат симптомите на алергија.



Камилица

Чајот од оваа билка помага за сувите очи и го намалува интензитетот на чешањето. Неколкупати на ден применувајте ладни облоги од чај од камилица и за многу кратко време ќе почувствувате олеснување.



Мед

За неговите благопријатни и лековити својства веројатно сите знаеме по нешто. Тој е извонреден лек за ублажување на кашлицата и на воспалението на грлото, па една лажичка мед во шолја чај, би била навистина од голема помош.

Мајчина душичка

Таа е вистински мелем за воспаленото грло. Чајот од мајчина душичка ја смирува кашлицата и влијае на намалување на воспалението на грлото.

Ѓумбир

Веројатно нема да ви биде пријатно да го проголтате ѓумбирот, па ви предлагаме да го искомбинирате со мед. Ова е извонредна комбинација за ублажување на иритацијата на воспаленото грло.

Лута пиперка

Колку и да ви изгледа чудно, лутата пиперка е богата со биофлавоноиди кои спречуваат ослободување на хистамин и на други хемикалии кои предизвикуваат симптоми на алергија. Токму затоа се препорачува лута пиперка да се консумира еднаш дневно или барем колку можеме почесто.

Хомеопатија

АГРИМОНИЈА



Агримонија, уште позната и како петровец, е хомеопатски препарат за луѓе кои однадвор изгледаат среќни и весели, но чијашто веселост и духовитост зад себе ја сокрива загриженоста. Во некои случаи, и покрај тешките маки и проблеми со кои се соочуваат, овие лица не само што се кријат од другите, туку и од самите себеси. Личноста на која ѝ треба агримонија ќе ја препознаете по тоа што иако има болки по целото тело, се шегува на сопствена сметка и не покажува интерес за соочување со сопствените стравови. Ако, пак, директно ја прашате за одреден проблем, најчесто го негира неговото постоење или за него зборува со потценувачки тон.

Овие луѓе ја избегнуваат самотијата, а ако е премногу изразена нивната социјализираност, таа е сигнал дека личноста ја користи социјализацијата како бегство од сопствените проблеми. Ваквите луѓе најчесто ги игнорираат темните и непријатните страни на животот, не земајќи предвид дека тоа е сериозно. Практично, го избегнуваат секое соочување со проблемот.

Многу е важно да се знае дека лицата од овој тип се обидуваат да им угодат на сите само за да не се најдат во конфликтна ситуација. Не покажуваат интерес да се соочат со сопствените стравови и најчесто имаат немирен сон со напорни мисли.

Позитивните потенцијали на овие личности се во нивната веселост по секоја цена, друштвеноста, отвореноста, комуникативноста и прифаќањето и на негативните страни на животот. Во овој случај, позитивноста и расположението се искрени, а проблемите се гледаат од вистинска перспектива. Многу агримонија-личности се обидуваат своите проблеми да ги решат со алкохол, дрога, таблети, прекумерно внесување храна.

Болести со кои можат да се соочат се: анксиозност со стегање во гради, еуфорично расположение, перфекционизам, осаменост со депресија, уринарни инфекции, болни односи, леукемија, аритмија, тахикардија, болка во грбот, зависност од пушење, алкохол, дрога, раздразливи црева, булимија, анорексија, тикови, алергии, псоријаза, психолошки измачувања.

Јоана Станиќ





ХОРОСКОП



Јоана Станиќ

Мај '14

Овен: Емотивно сте растргнати и неуспешно управувате со чувствата. Обидете се да го решите внатрешниот конфликт. На работен план, не потпирајте се премногу на соработниците. Постои можност за менување на работното место. Повеќе свеж воздух и одмор.

Бик: На работен план ќе имате потреба да се чувствувате стабилно и незагрозено. Можни се конфликти со соработниците. Во поглед на емоциите, останете ладнокрвни и одредете ги своите приоритети, не дозволувајте да си поигруваат со вас. Чувствително грло.

Близнаци: Ќе ви биде потребно трпение за вистинските работни потези. Ќе бидете во контакт со нови клиенти или нови соработници. Во љубовта ќе бидете задоволни, партнерот постојано ќе се грижи за вас. Внимавајте при ракување со хемикалии.

Рак: Не учествувајте во интриги и озборувања бидејќи може да се случи да бидете вовлечени во непријатни ситуации со колегите. Во љубовта, ова е мирен период, исполнет со задоволство и нема потреба од љубоморни сцени. Повеќе физичка активност.

Лав: Дојде моментот да ви се исплати долго вложуваниот труд. Не бегајте од одговорности и немојте секогаш да бидете во право. Партнерот ќе смета дека не му посветувате доволно внимание. Ментална пренапрегнатост.

Девица: Внимавајте со финансиите, не изложувајте се на непотребни трошоци и напуштете ги соработките кои не се поволни. Не дозволувајте во љубовта да ви се пренесат тензичните ситуации од работата. Променливото време ви носи тегоби со 'рбетот и главоболки.

Вага: Потрудете се активно да комуницирате со соработниците и расчистете ги проблемите од минатото. Ќе имате можност за обновување на некоја стара љубов. Хранете се здраво и најдете време за личните потреби.

Скорпија: Поработете на својата толерантност и не реагирајте на сè пребргу и премногу импулсивно. Периодот кој следи ви носи нова љубовна врска, која за кратко време може да стане сериозна. Внимавајте при подигнување товар, можни се проблеми со 'рбетот.

Стрелец: Можна е промена на работното место или некоја непријатна конфликтна ситуација. Затоа внимавајте на своите постапки. Другите не би требало да се мешаат во вашиот љубовен живот, но внимавајте на озборувањата. Инфекции на уринарен тракт.

Јарец: Нема да успевате редовно да ги завршувате обврските навреме, ќе бидете прилично расеани и неорганизирани. Ако сте во долга врска, не е исклучено таа да премине во брак. Одморајте повеќе и не занемарувајте ги здравствените проблеми, туку најпрвин посетете стоматолог.

Водолија: Искористете го новиот креативен период и спроведете ги идеите во реалност. Во љубовта покажете повеќе разбирање за желбите на партнерот и посветете му повеќе внимание. Земајте витамини и поработете на имунитетот.

Риби: Свесни сте за своите амбиции, но не сте подготвени за ризични потези. Размислете убаво пред да преземате какви било мерки. Ви претстои познанство со интересна личност, кое може да премине во љубов. Чувајте се од преголема физичка активност.



ТВИТЕР ХУМОР

@Eristicarot
Шумахер ќе се освести, македонскиов народ никако!

@dac____
Еден ден врнеше еден месец.

@bratot1
- Како се вика момче што има девојка за озбилно?
- 3ау3ЕТ! :)

@HanMadafakaSolo
Ја сум ти од времето кога титка значеше, "те мислам"...

@_karirana
Мислиш дека си паметен и потоа дете ќе ти постави прашање

@Mile_Panika
Наместо да гледате Телевизија, гледајте што имате во фрижидерот и нема да згрешите кога ќе гласате.

@podochnjak
Жено, отидовме на пазарење или попис на супермаркетот да направиме?

@L_Petroff
Оние што се крстат покрај црква дали прават склекови поред теретана?

@irenska_madness
она што можеш да го изгушкаш денес, не оставај го за утре

@KhayTeeB
Старки ти се ко тегет чорапи. На све стојат

@Nesfaten
Што бара Македонец во Германија?
-Работа.
А што бара Германец во Македонија?
-Татко си.

Чејс@chasework
Што јадел човекот во мезолитот? Не јадел, мезел!

@iva_pozitiva
Толку митинзи, ниедно јавно запросување. Жити креативните.

@theoutfiter0
прст - единица мерка за прашина



@tpechat_
Нарачај будење да видиш дали ќе праиш snooze, кога ќе те опрчат 400 денари.

Изработила: Ива Манова

